Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), а во врска со член 41 став 6 од истиот закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот на Советот бр.02-5488/3 од 26.12.2018 година, а одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПУЛС ДООЕЛ Неготино Уп 1 бр.02-549 од 12.12.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 48-та седница одржана на 26.12.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПУЛС ДООЕЛ Неготино, и тоа:

1.1 за истапување на физичкото лице:
- Зоран Илиевски, со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted] во [redacted], и

1.2. за пристапување на физичкото лице:
- Марјан Тодоров, со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted] во [redacted].

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПУЛС ДООЕЛ Неготино, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПУЛС ДООЕЛ Неготино, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичката структура Уп 1 бр.02-549 од 12.12.2018 година, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПУЛС ДООЕЛ Неготино.

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПУЛС ДООЕЛ Неготино не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп 1 бр.02-549 од 12.12.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р**

**Бр.08-559**
**26.12.2018 година**
**С к о п ј е**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.